ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk


| | |
|---|---|
| Адреса: | Македонија 6б, 1000 Скопје |
| Тел.: | 02 3289 000 |
| Централа.: | 02 3289 000 |
| Факс: | 02 3289 048 |
| Е-пошта: | info@fzo.org.mk |


Датум: 24 октомври 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Едукативна работилници со пензионерите во Кичево

ФЗОМ продолжува со одржување на едукативните работилници со пензионерите. Денеска во Кичево се одржа тринаесетта едукативна работилница, која има за цел да ги едуцира пензионерите за нивните права од здравствено осигурување, по што следуваќе презентација за превентивни мерки и активности во примарната здравствена заштита. На работилницата, тим од ФЗОМ - лекар и правник - ги објаснија новините и одговараа на прашања кои се од интерес на пензионерите.

Директорот на ФЗОМ, Џемали Мехази се заблагодари на Сојузот на пензионери и на Црвениот крст за успешно реализирање на едукативните работилници кои имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за нивните права од здравственото осигурување.

Во своето обраќање до пензионерите, Мехази истакна дека пензионерите како целна група на осигуреници се особено важни и токму затоа ФЗОМ е секогаш отворен за соработка со нив, да им излезе во пресрет на нивните потреби, онаму каде е тоа во надлежност на Фондот.



